**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр.1203 – 84/1**

**Скопје, 23.01. 2009 година**

**ДО**
**ГРАДОНАЧАЛНИКОТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Буџетот на Општина Крушево за 2007 година, кои се прикажани на страните 7 и 8.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е извршена согласно член 38 од Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај, за финансиските извештаи на Буџетот на општина Крушево за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај се одговорност на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, застапуван од :

- Лефкија Гажоска, градоначалник на општина Крушево во 2007 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој извештај, прикажан на страните од 1 до 6 и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој извештај е планирана и извршена во период од 17.09.2008 до 10.10.2008 година, од страна на тим на Државниот завод за ревизија.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој извештај е да овозможи ревизорот да изрази мислење:

- дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива;
- дали е остварено законско и наменско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика и со извесни прифатени и спроведени корекции од страна на субјектот.

*Ул:"Маршал Тито"бр.12/3*
*Палата Македонија-Скопје;*
*тел: 3211-262; факс: 3126-311*

***Овластен државен ревизор***

____________________

9. Ревизијата е извршена во согласност со стандардите за државна ревизија на Меѓународната организација на Врховни ревизорски институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани за примена во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користени сметководствени принципи, како и на важни проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека извршената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи за 2007 година, ревизорите на Државниот завод за ревизија го утврдија следното:

**10.1. Систем на интерни контроли во процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината**

При оценка на системот на интерни контроли, кај процесот на утврдување и наплата на приходите за чие администрирање е надлежна општината, утврдивме постоење на ризик од нецелосно и неточно утврдување на приходите по основ на даноци и такси. Причината за овие ризици произлегува од: отсуство на јасно дефинирани и разграничени контролни постапки, надлежности и одговорности на вработените во даночното одделение и во другите служби на општинската администрација чие работење е функционално поврзано со утврдувањето и наплатата на даноците и таксите и отсуство на пишани процедури.
Поради утврдените ризици, а од аспект на значајноста на приходите за чие администрирање е надлежна општината, ревизијата изврши испитување на системот на интерни контроли утврдувајќи ги ризиците и клучните контроли кај следните процеси: процесот на даноци на имот, данокот на промет на недвижности, наследство и подарок, комуналните такси – фирмарина и комунална такса за користење простор пред деловна просторија.
Покрај општо утврдените причини за нефункционирање на системот на интерни контроли и ризикот од нецелосно и неточно утврдување и наплата на одделните видови даноци и такси е утврдено и следното:

10.1.1. Процес на утврдување и наплата на данокот на имот

- податоците за даночните обврзници добиени од Управата за јавни приходи (регистар на недвижен имот) не се ажурирани. Во 2008 година се започнати активности за ажурирање на регистарот (проценка на имотот) само за нови објекти и објекти кои не се опфатени во даночната евиденција;
- не се преземаат мерки на присилна наплата за неизмирените даночни обврски во законски утврдените рокови;
- неусогласеност на податоците од регистарот на недвижен имот на општината со податоците на Државниот завод за геодетски работи, што се одразува на комплетноста на податоците;
- регистарот на недвижен имот не е доставен до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи до 31 декември 2007 година.

Некомплетната и неажурна евиденција на даночните обврзници по основ на данок на имот, како и непреземањето на законските мерки за наплата на даночниот долг, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на општината.

10.1.2. Процес на утврдување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок.

При оценка на системот на интерни контроли кај процесот на пресметување и наплата на данокот на промет на недвижности, наследство и подарок ревизијата утврди дека и покрај воспоставените интерни контроли во овој процес постои ризик од неточно пресметување на данокот поради следното:

- не постои разграничување на надлежностите во процесот на утврдување и наплата на данокот на промет;
- направената пресметка на износот на данокот од страна на комисијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот не се контролира;
- решенијата не се авторизирани од советникот за пресметка на даноци и раководителот на одделението.

10.1.3. Комунална такса за истакнување на фирма, односно назив на деловна просторија

- облогателната листа врз основа на која се изготвуваат решенија за комунална такса не се потпишува од овластено лице;
- едно лице ја изготвува облагателната листа, решенијата за комунална такса и наплатата, без да се контролира од раководител на даночно одделение;
- решенија за комуналната такса за истакната фирма не се издадени во законскиот рок согласно Закон за комунални такси, што придонесува за ненавремена наплата на приходите по овој основ.

Отсуството на разграничување на надлежностите и невоспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината и ограничување на планираните активности на Општината.

10.1.4. Комунална такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност

Во општина Крушево пресметката на комуналната такса за користење на просторот пред деловни простории за вршење на дејност се изготвува врз основа на поднесено барање од странката. Надлежните од општината не излегуваат на лице место и не се изготвува скица на просторот. Со ревизијата се утврди:

- не е воспоставен регистар на обврзници по овој основ;
- не постои писмен доказ за извршена пресметка на висината на таксата и нејзина контрола од страна на референтот во одделението за даноци и раководителот;
- решението не се потпишува од референтот кој го изготвува и раководителот на одделението.

Некомплетната и неажурна евиденција на обврзниците по основ на комунална такса за користење простор пред деловна просторија, како и невоспоставените контролни постапки при утврдување на висината на обврските, придонесува за постоење ризик од помалку наплатени приходи во корист на општината.

**Препорака:**

Градоначалникот на Општина Крушево да донесе пишани процедури:

- во кои јасно ќе бидат дефинирани надлежностите и одговорностите на вработените во општинската администрација, при утврдувањето и контролата

на пресметките за утврдување на даноци на имот и даноци на специфични услуги, и
- за текот на документацијата од евидентирање на даночната пријава/барање во архивата на општината до сметководственото евидентирање на побарувањата, наплатата и нивното искажување во финансиските извештаи.

Даночното одделение во општина Крушево:
- да го ажурира регистарот на даночни обврзници по основ на данок на имот, односно да изврши проценка на целокупниот недвижен имот во општина Крушево во согласност со Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот;
- да врши усогласување на регистарот на обврзници на данок на имот со податоците на Државниот завод за геодетски работи и со податоците од Централниот регистар на Република Македонија;
- регистарот на недвижен имот да се доставува до Централниот регистар на РМ и Управата за јавни приходи до 31 декември тековната година;
- да воведе регистар на обврзници за комунална такса за користење на простор пред деловни простории за вршење на дејност.

**10.2. Неправилна примена на акти**

10.2.1. Кај утврдување и наплата на Комунална такса за привремен престој и покрај тоа што туризмот завзема важно место во структурата на стопанството Општина Крушево не врши надзор над наплатата на таксата за привремен престој во согласност со Законот за таксата за привремен престој, за што надлежните служби како причина наведуваат недостиг на кадар и немање евиденција на домаќинствата кои даваат услуги за сместување на туристи и патници.
Согласно Законот за такса за привремен престој Советот на општина Крушево нема донесено годишна програма за општа туристичка пропаганда и за подобрување на условите за престој на туристи согласно донесената Стратегија со акционен план за развој на туризмот во општина Крушево за периодот 2007-2013 година.
Во Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Крушево нема предвидено работно место за угостителско - туристичка дејност во однос на прибирање на податоци за бројот на туристи сместени во хотелите и приватното сместување на територијата на Општината, работата ја извршува референтот за комунална такса.
Невоспоставениот надзор и непреземање на соодветни активности за наплата на комуналната такса за привремен престој придонесува за помали приходи по овој основ.

**Препорака:**
- во соработка со формираното Туристичко биро да се ажурира бројот на приватните сместувачки капацитети и да се преземат активности за поголема наплата на туристичката такси, и
- да се донесе годишна програма за општа туристичка пропаганда за подобрување на условите за престој на туристи која треба да ја усвои Советот на општината.

**10.3. Неправилна примена на сметководствени политики и начела**

10.3.1. Градоначалникот на Општина Крушево нема назначено одговорен сметководител и внатрешен ревизор, што е спротивно на законските одредби од Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници, Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа и Законот за внатрешна

ревизија во јавниот сектор. Непочитувањето на законските одредби има влијание на вршење контрола на трошењето на средствата од буџетот.
Во 2008 година за одговорен сметководител назачен е раководителот на одделението за финансии и буџет.
Започнати се активности за формирање на зедничко одделение за внатрешна ревизија со општините Кривогаштани и Долнени, но и покрај укажувањата од Агенцијата за државни службеници на Република Македонија за законската обврска на единиците на локалната самоуправа да основаат организациона единица за внатрешна ревизија и да обезбедат ресурси за нејзино функционирање или доколку не се во состојба самостојно да организираат таква единица да основаат заедничка администрација со друга општина или субјект од јавниот сектор, предлогот за формирање на одделение за внатрешна ревизија, односно за формирање заедничко одделение за внатрешна ревизија не е усвоен од страна на Советот на општина Крушево. Во 2008 година склучен е договор за меѓуопштинска соработка со општина Охрид за работи и работни задачи што се во надлежност на внатрешниот ревизор.

**Препорака:**
Советот на општината да донесе Одлука во функција на реално разрешување на прашањето за поставување внатрешен ревизор или да се формира заедничко одделение за внатрешна ревизија согласно законските одредби.

10.3.2. Во 2007 година не е донесен ребаланс на буџетот на Општина Крушево, иако планираните приходи за 2007 година се остварени со процент од 73,01%, а расходите со процент од 60,76%. Согласно Законот за буџетите доколку отстапувањето од планот на приходите и другите приливи е повисоко од 5%, градоначалникот доставува измени и дополнувања на буџетот на општината до советот на општината. Ефектот од недонесувањето ребаланс на буџетот е неусогласеност на остварените и планираните приходи и расходи за 2007 година.

**Препорака:**
Градоначалникот на општината во случаите кога остварувањето на приходите планирани со буџетот отстапува за повеќе од 5% е должен до Советот да предложи ребаланс на буџетот.

**11. Прифатени и корегирани неправилности од страна на Буџетот на Општина Крушево во текот на ревизијата, а се однесуваат на:**

**11.1. Корекции кај Билансот на состојба**

11.1.1 Вкупниот ефект од прифатените и спроведени корекции од страна на субјектот во текот на ревизијата е намалување на состојбата на сметките Активни временски разграничувања и сметките Краткорочни обврски спрема добавувачите, Краткорочни обврски за даноци, придонеси и други давачки, Краткорочни обврски спрема субјекти и Други пасивни временски разграничувања за износ од 742 илјади денари.

12. Според наше мислење, освен за изнесеното во точката 10.2. финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Буџетот на општина Крушево на ден 31 декември 2007 година, и резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

13. Мислење за наменското и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи е изразено во Извештајот за извршената ревизија на органот на Општина Крушево.

14. Во однос на препораките дадени во Конечен извештај за извршената ревизија на финансиските извештаи на Органот на општина Крушево за 2003 година, ревизијата утврди дека препораките се спроведени, освен препораките: нема назначено одговорен сметководител, нема донесено Програма за општа туристичка пропоганда за подобрување на условите за престој на туристите, Советот нема донесено Програма за работа и препораките кои не се актуелни поради промена на законската регулатива.

**Скопје, 15.01.2009 година** **Овластен државен ревизор**

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2007 ГОДИНА**

во 000 Ден.

| Опис на позицијата | Образложение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Приходи** | | | |
| Даночни приходи | 3,1 | 6.520 | 4.462 |
| Неданочни приходи | 3.2. | 915 | 710 |
| Трансфери и донации | 3.3. | 14.045 | 14.031 |
| **Вкупно приходи** | | **21.480** | **19.203** |
| **Расходи** | | | |
| **Тековни расходи** | | | |
| Плати, наемнини и надомести | 3.4.1. | 7.495 | 7.194 |
| Резерви и недефинирани расходи | 3.4.2. | 54 | 150 |
| Стоки и услуги | 3.4.3. | 5.960 | 4.590 |
| Субвенции и трансфери | 3.4.4. | 200 | 122 |
| Социјални бенефиции | 3.4.5. | 20 | 0 |
| **Вкупно тековни расходи** | | **13.729** | **12.056** |
| **Капитални расходи** | **3.5.** | **4.147** | **5.073** |
| **Вкупно расходи** | | **17.876** | **17.129** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | | **3.604** | **2.074** |

**БУЏЕТ НА ОПШТИНА КРУШЕВО**

**БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА 31.12.2007 ГОДИНА**

во 000 ден.

| Опис на позицијата | Образло жение | 2007 | 2006 |
|---|---|---|---|
| **Актива** | | | |
| **Тековни средства** | | | |
| Парични средства | 4.1.1. | 3.604 | 2.074 |
| Побарувања | 4.1.2. | 6.247 | 0 |
| Краткорочни пласмани, кредитирање и позајмување | 4.1.3. | 53 | 53 |
| Активни временски разграничувања | 4.1.4. | 0 | 744 |
| **Вкупно тековни средства** | | **9.904** | **2.871** |
| **Вкупна актива** | | **9.904** | **2.871** |
| **Пасива** | | | |
| **Тековни обврски** | | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 4.2.1. | 0 | 274 |
| Краткорочно обврски за даноци, придонеси и други давачки | 4.2.2. | 0 | 3 |
| Краткорочни обврски спрема субјекти | 4.2.3. | 0 | 33 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.2.4. | 9.904 | 2.561 |
| **Вкупно краткорочни обврски** | | **9.904** | **2.871** |
| **Вкупна пасива** | | **9.904** | **2.871** |